Просечната потрошувачка кошница за месец октомври 2026 година

Храна и пијалоци	21,828
Облека и обувки	2,745
Домување, вода, електрика, гас и други горива	3,256
Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата	4,935
Здравје	1,448
Транспорт	4,489
Комуникации	2,982
Рекреација и култура	6,530
Образование	4,046
Ресторани и хотели	4,677
Разновидни стоки и услуги	2,212
ВКУПНО	59,149

Вредноста на Просечната потрошувачка кошница во Октомври 2026 година изнесува 59,149 денари.

Истата во однос на месец септември 2026 година е зголемена за 942 денари или за 1.6% .

Зголемување на потрошувачката кошница на месечно ниво воглавном се должи на зголемувањето на трошоците на категориите :

- Храна и пијалоци ..... (зголемување на трошоците за 889 денари или за 4.2%) и
- Образование ..... (зголемување на трошоците за 155 денари или за 3.97%).

Зголемувањето пак на трошоците за храна и пијалоци се должи на зголемувањето на цените на зеленчукот и овошјето. Трошоците за подкатегоријата зеленчук се зголемени за 731 денар, а за подкатегоријата овошје за 56 денари .

На месечно ниво зголемени се и трошоците на категориите:

- Рекреација и култура ..... 1,51%..
- Облека и обувки ..... 0.79% и
- Домување, вода, електрика, гас и други горива 0.50%

Во исто време пак на месечно ниво намалени се трошоците на категориите:

- Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата 1.72%
- Транспорт 1.09%
- Ресторани и хотели 0.73%,
- Здравје 0.50%
- Разновидни стоки и услуги ..... 0.50% и
- Комуникации ,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,,..... 0.19%,